D.511.75

2693 Централна правосудна књижница
Врховног содишча СР Словеније
61000 ЉУБЉАНА
ул."Товчарјева" бр.9

# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на СРМ“ излегува по потреба, Ракописите не се враќаат. Огласи по тарифата.

Среда, 29 октомври 1975
Скопје
Број 38 Год. XXXI

Претплатата за 1975 година изнесува 300 динари. Овој број чини 3 дин. Жиро сметка 40100-601-128

**413.**

Врз основа на член 376, став 1, алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

### УКАЗ
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗДРУЖУВАЊЕ НА ДЕЛ ОД СРЕДСТВАТА НА ОПШТЕСТВЕНАТА РЕПРОДУКЦИЈА ЗА ИЗГРАДБА НА ЕЛЕКТРОЕНЕРГЕТСКИ ОБЈЕКТИ

Се прогласува Законот за здружување на дел од средствата на општествената репродукција за изградба на електроенергетски објекти,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 21 октомври 1975 година.

Број 03-2770
21 октомври 1975 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Благоја Талески,** с. р.

Претседател
на Претседателството
на СРМ,
**Видое Смилевски,** с. р.

### ЗАКОН
### ЗА ЗДРУЖУВАЊЕ НА ДЕЛ ОД СРЕДСТВАТА НА ОПШТЕСТВЕНАТА РЕПРОДУКЦИЈА ЗА ИЗГРАДБА НА ЕЛЕКТРОЕНЕРГЕТСКИ ОБЈЕКТИ

Член 1

Со овој закон се утврдува обврска за здружување на дел од средствата на општествената репродукција, висината на средствата, начинот на нивното користење, начинот и роковите за нивното враќање, како и правата и обврските на организациите на здружениот труд во управувањето со здружените средства.

Член 2

Основните организации на здружениот труд здружуваат средства за финансирање изградбата на електроенергетски објекти за производство и пренос на електрична енергија со издвојување на 8% од средствата распоредени со завршната сметка во фондот на заедничката потрошувачка и во деловниот фонд по одбивањето на обврските што се намируваат на товар на деловниот фонд.

Член 3

Средствата од претходниот член се издвојуваат по усвојувањето на завршните сметки за периодот од 1975 заклучно со 1981 година.

Член 4

Здружените средства според овој закон ќе се користат за изградба на електроенергетски производствени и преносни објекти во периодот до крајот на 1982 година, а според Програмата за подготовки и изградба на електроенергетски производни и преносни објекти што ја донесува Собранието на Социјалистичка Република Македонија, заради остварување на задачите во областа на електроенергетиката утврдени со Основите на заедничката политика на долгорочниот развој на Социјалистичка Република Македонија до 1985 година.

Член 5

Здружените средства се даваат во вид на кредит со каматна стапка од 5% годишно и со пресметување на манипулативните трошоци на банката, со рок на враќање од 15 години.

Член 6

Уплатените средства ќе им се враќаат на основните организации на здружениот труд во 15 еднакви годишни ануитети, почнувајќи од 1. I. 1983 година, со каматна стапка од 5% годишно.

Каматата на издвоените средства од денот на уплатата до денот на нивното ставање во отплата ќе се додава на главницата.

Член 7

Со здружените средства управува Собрание.

Собранието го сочинуваат делегати што ги избираат соборите на здружениот труд на собранијата на општините од редот на работниците на основните организации на здружениот труд од подрачјето на општината.

Во секоја општина се избираат по двајца делегати.

Собранието одлучува со мнозинство на гласови на делегатите во Собранието.

Член 8

Делегатите во Собранието се избираат на време од четири години.

Член 9

Собранието во остварувањето на Програмата од член 4 на овој закон особено ги врши следниве работи:

— одлучува за користењето и управувањето со здружените средства;
— донесува завршна сметка;
— донесува деловник за работа.

Член 10

Собранието има претседател.

Претседателот го претставува и застапува Собранието.

Член 11

Стручните и административните работи на Собранието ги врши самоуправна организација или заедница што тоа ќе ја определи.

Член 12

Контрола над извршувањето на обврските на основните организации на здружениот труд за издвојување на средствата според овој закон врши Службата на општественото книговодство.

Член 13

Средствата од член 2 на овој закон ќе се водат на посебна сметка кај Стопанската банка — Централа Скопје.

Член 14

Се овластува републичкиот секретар за финансии, во согласност со републичкиот секретар за индустрија и трговија, поблиску да го уреди начинот на пресметувањето, уплатувањето и враќањето на здружените средства.

Член 15

Собранието ќе се конституира до 31. XII. 1975 година.

Член 16

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

**414.**

Врз основа на член 43 став 3 од Законот за републичката управа („Службен весник на СРМ" бр. 17/65 и 16/69), Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија донесува

## РЕШЕНИЕ
### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТ ДИРЕКТОР НА РЕПУБЛИЧКИОТ ЗАВОД ЗА ТЕХНИЧКА СОРАБОТКА

1. Се разрешува од должност директор на Републичкиот завод за техничка соработка инж. ФИЛИП НИКОЛОВСКИ, поради заминување на нова должност, сметано од 1. 10. 1975 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Број 12-2005/1
29. 9. 1975 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Благој Попов,** с. р.

**415.**

Врз основа на член 43 став 3 од Законот за републичката управа („Службен весник на СРМ" бр. 17/65 и 16/69), Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија донесува

## РЕШЕНИЕ
### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТ ДИРЕКТОР НА РЕПУБЛИЧКИОТ ЗАВОД ЗА ЦЕНИ

1. Се разрешува од должност директор на Републичкиот завод за цени МЕМЕТ НУРЕДИНОВСКИ, поради заминување на нова должност, сметано од 1. 9. 1975 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Број 12-1824/1
9. 9. 1975 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Благој Попов,** с. р.

**416.**

Врз основа на член 38 став 3 од Законот за Народната банка на Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 45/72), Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија донесува

## РЕШЕНИЕ
### ЗА ОДРЕДУВАЊЕ ЗАМЕНИК НА ГУВЕРНЕРОТ НА НАРОДНАТА БАНКА НА МАКЕДОНИЈА

1. Се одредува за заменик на гувернерот на Народната банка на Македонија ВАНЧО ПЕТРОВ, вицегувернер во Банката.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Број 12-2004/1
29. 9. 1975 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Благој Попов,** с. р.

**417.**

Врз основа на член 34 од Законот за библиотекарската дејност („Службен весник на СРМ" бр. 17/74), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесува

## РЕШЕНИЕ
### ЗА УТВРДУВАЊЕ ПРЕСТАНОК НА ФУНКЦИЈАТА ЧЛЕН И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА СОВЕТОТ НА НАРОДНАТА И УНИВЕРЗИТЕТСКА БИБЛИОТЕКА — СКОПЈЕ

1. Се утврдува престанок на функцијата член на Советот на Народната и универзитетска библиотека, поради истекот на мандатот на БОРИС СПИРОВСКИ.

2. За член на Советот на Народната и универзитетска библиотека се именува АВНИ ЗЛАТКУ, директор на гимназијата „Зеф Љуш Марку" — Скопје.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 12-1652/1
17. VII. 1975 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Благој Попов,** с. р.

**418.**

Врз основа на член 33 од Законот за Извршниот совет („Службен весник на СРМ" бр. 40/71), Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија донесува

## РЕШЕНИЕ
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ВИШ СОВЕТНИК ВО ИЗВРШНИОТ СОВЕТ

1. Се именува за виш советник во Извршниот совет ИВАН ТОШЕВСКИ, досегашен амбасадор на СФРЈ во Нов Зеланд, сметано од 1. 9. 1975 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Број 12-1826/1
9. 9. 1975 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Благој Попов,** с. р.

**419.**

Врз основа на член 2а, став 3 од Законот за стапките на данокот на доход на организациите на здружениот труд и за даночните олеснувања и ослободувања („Службен весник на СРМ“, бр. 9/74, 20/74 и 27/75), републичкиот секретар за финансии донесува

## ПРАВИЛНИК
### ЗА НАЧИНОТ НА ПРЕСМЕТУВАЊЕТО НА ОТСТАПЕНИОТ ДЕЛ НА ДАНОКОТ НА ДОХОД НА ОРГАНИЗАЦИИТЕ НА ЗДРУЖЕНИОТ ТРУД

Член 1

Пресметувањето на отстапениот дел на годишниот износ на данокот на доход обврзниците — производствените организации на здружениот труд од областа на индустријата и рударството, земјоделството и шумарството (во натамошниот текст: организации на здружениот труд) го вршат според одредбите на Законот за стапките на данокот на доход на организациите на здружениот труд и за даночните олеснувања и ослободувања и овој правилник.

Член 2

Износот на отстапениот дел од годишниот износ на данокот на доход организациите на здружениот труд го пресметуваат тримесечно според периодичната пресметка. Конечното пресметување се врши на крајот на годината според завршната сметка и според податоците за остварениот вкупен приход, пресметаниот уплатен данок на доход и учеството на извозот во вкупниот приход на даночниот обврзник.

Член 3

Утврдувањето на данокот на доход што им се отстапува на организациите на здружениот труд се врши на посебна пресметка, која е составен дел на овој правилник.

Член 4

Учеството на извозот во вкупниот приход организациите на здружениот труд го утврдуваат врз основа на царинската пријава за извршен извоз.

Член 5

Учеството на извозот во вкупниот приход организациите на здружениот труд го утврдуваат во процент и тоа кога износот на извозот ќе се помножи со 100, и подели со вкупниот приход на даночниот обврзник:

$$\%\ \text{учество} = \frac{\text{Износ на извозот} \times 100}{\text{вкупниот приход}}$$

Член 6

Износот на данокот на доход што се отстапува на организацијата на здружениот труд се утврдува кога пресметаниот и уплатен данок на доход според периодичната пресметка односно завршната сметка ќе се помножи со процентот на учеството на извозот во вкупниот приход и се подели со 100.

Член 7

Пресметката за утврдување на износот на данокот на доход, што се отстапува на организацијата на здружениот труд заедно со периодична пресметка односно завршната сметка се поднесуваат до Службата на општественото книговодство.

Член 8

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 06-2105/1
1. X. 1975 год.
Скопје

Републички секретар
за финансии,
**Ристо Филиповски,** с. р.

## ПРЕСМЕТКА
### за утврдување на данокот на доход што им се отстапува на организациите на здружениот труд

1. Вкупен приход (од обрасците за деловниот резултат, односно од билансот на успехот) . . . .
2. Остварен извоз . . . .
3. Износ на пресметаниот данок на доход . . . .
4. Процент на учеството на извозот во вкупниот приход: $= \frac{\text{извозот} \times 100}{\text{вкупниот приход}}$
5. Износ на данокот на доход отстапен на ОЗТ . . . .
6. Уплатен данок на доход . . . .
7. Повеќе односно помалку уплатен данок на доход . . . .

ДИРЕКТОР,

---

**420.**

Врз основа на член 166 став 5 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на СРМ“ бр. 8/75), републичкиот секретар за внатрешни работи донесува

## ПРАВИЛНИК
### ЗА РЕГИСТРАЦИЈА НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ ТРАКТОРИ РАБОТНИ МАШИНИ, МОТОКУЛТИВАТОРИ, ВЕЛОСИПЕДИ СО МОТОР И ПРИКЛУЧНИ ВОЗИЛА ШТО ГИ ВЛЕЧАТ ЗЕМЈОДЕЛСКИ ТРАКТОРИ И МОТОКУЛТИВАТОРИ

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува постапката за регистрација на земјоделските трактори, работните машини, мотокултиваторите, велосипедите со мотор и приклучните возила што ги влечат земјоделските трактори и мотокултиваторите (возила), формата и големината на регистарските таблици, образецот на сообраќајната дозвола и потврдата за регистрација, како и начинот на водењето на евиденцијата за регистрираните возила.

II. РЕГИСТРАЦИЈА НА ВОЗИЛО

Член 2

Возило се регистрира на името на сопственикот на возилото односно на називот на носителот на правото за користење на возилото (имател на возило).

Возило што е сопственост на повеќе лица се регистрира по спогодба на името на едно од тие лица.

Член 3

Барање за регистрација на возило поднесува имателот на возилото до општинскиот орган за внатрешни работи надлежен за регистрација (орган надлежен за регистрација на возила) на образец бр. 1, што е отпечатен кон овој правилник и е негов составен дел (регистрационен лист).

Во барањето за регистрација на земјоделски трактор и приклучно возило што го влече земјоделски трактор се запишуваат техничките податоци за возилото од документацијата на производителот на возилото односно од посебниот атест за возилото или признаените каталози за возилото. Точноста на внесените податоци ја заверува овластената организација за технички преглед.

При регистрација на возило имателот на возилото поднесува доказ за сопственоста на возилото, ако се врши прва регистрација, и доказ за уплата на пропишаните такси и други обврски, а имателот на возило од претходниот став и заверено барање од овластена организација за технички преглед, што на техничкиот преглед утврдила дека возилото е исправно. Заверката не може да биде постара од 15 дена.

Член 4

Регистрација нема да се врши за возило:

1. за кое нема соодветни докази за потеклото односно за сопственоста на возилото;

2. за кое не се извршени пропишаните законски и други обврски;

3. за кое не е заверено барањето дека е технички исправно, ако регистрација се врши на земјоделски трактор и приклучно возило што го влече таков трактор.

Член 5

Имателот на регистрирано возило го одјавува возилото кај органот надлежен за регистрација на возила во случаите:

1. ако возилото е отуѓено — во рок од 15 дена од денот на отуѓувањето;

2. ако имателот на возилото го промени живеалиштето односно седиштето во друга општина — во рок од 15 дена од денот на промената на живеалиштето односно седиштето; и

3. ако возилото исчезне или биде уништено или расходувано — во рок од 15 дена од денот на исчезнувањето, уништувањето односно расходувањето на возилото.

При одјавата на возилото имателот на возилото ги враќа регистарските таблици и сообраќајната дозвола односно потврдата за регистрација, освен кога тоа не е можно во случајот од точка 3 од претходниот став.

Член 6

Имателот на регистрирано возило е должен на органот надлежен за регистрација на возила да му ја пријави промената на кој и да е податок за возилото што го содржи сообраќајната дозвола односно потврдата за регистрација во рок од 15 дена од денот кога настапила промената.

Со пријавата за промената од претходниот став имателот на регистрираното возило ја прилага исправата со која се докажува односната промена.

Ако се промени некој податок што го содржи сообраќајната дозвола односно потврдата за регистрација ќе се издаде нова сообраќајна дозвола односно потврда за регистрација.

## III. РЕГИСТАРСКИ ТАБЛИЦИ

Член 7

На регистарските таблици за земјоделски трактори и мотокултиватори и нивни приклучни возила буквите и бројките се во жолта боја, а на регистарските таблици за работни машини и велосипеди со мотор во црна боја.

Формата и големината на регистарските таблици за земјоделски трактор, мотокултиватор и работна машина се утврдени на цртежот бр. 1, а за велосипед со мотор на цртежот бр. 2.

Член 8

Ознаките и броевите на регистарските таблици се испишуваат со букви и со арапски броеви. Формите и димензиите на буквите и бројките се утврдени со цртежот бр. 4.

Член 9

Регистарските таблици мораат да имаат рефлектирачки својства.

Член 10

Регистарска таблица за приклучно возило што го влече земјоделски трактор или мотокултиватор во поглед на формата и големината ѝ одговара на регистарската таблица на влечното возило со тоа што на неа називот на општината се наоѓа под регистарскиот број на возилото (цртеж бр. 3).

Член 11

Регистарската таблица ќе се замени со нова таблица:

1. ако се загуби или биде уништена или исчезне бар една регистарска таблица; и

2. ако поради дотраеност регистарската таблица стане неупотреблива.

Наместо регистарската таблица што е загубена, уништена или исчезната не може да се издаде нова регистарска таблица со ист регистарски број.

Член 12

Цртежите од овој правилник се отпечатени кон него и се негов составен дел.

## IV. СООБРАЌАЈНА ДОЗВОЛА И ПОТВРДА ЗА РЕГИСТРАЦИЈА

Член 13

Образецот на сообраќајната дозвола за регистрирано возило (образец бр. 2) и образецот на потврдата за регистрација за регистрирано возило (образец бр. 3) се дводелни и имаат правоаголна форма, што развиени имаат димензии 148 x 105 мм., а превиткани 74 x 105 мм.

Образецот бр. 2 е во зелена, а образецот бр. 3 во жолта боја и се изработуваат од квалитетен картонски материјал.

Обрасците бр. 2 и 3 се отпечатени кон овој правилник и се негов составен дел.

Член 14

На насловната страна образецот на сообраќајната дозвола за регистрирано возило содржи: втиснат грб на СРМ, натпис: „Социјалистичка Република Македонија", назив „Сообраќајна дозвола за регистрирано возило", место за запишување на регистарската ознака и видот на возилото и отпечатен серискиот број на сообраќајната дозвола со ознака МА, почнувајќи од 00 — 001.

Првата и втората внатрешна страна од образецот на сообраќајната дозвола содржат рубрики во кои се запишуваат податоците:

1. датум на регистрацијата;

2. назив на органот што ја издал дозволата;

3. датум на издавањето на дозволата и број на евиденцијата под кој е дозволата заведена, место за печат и потпис на службеното лице;

4. датум и место на првата регистрација и регистарска ознака на првата регистрација на возилото;

5. марка и тип на возилото, број на шасијата, број на моторот, година на производство, сила на моторот во КС, тежина на празно возило, дозволена носивост и боја на каросеријата;

6. рубрика „забелешка" за запишување датумот на одјавата на возилото и друго.

Последната страна од образецот на сообраќајната дозвола содржи рубрики во кои се запишуваат податоците за презимето и името и живеалиштето односно називот и седиштето на имателот на возилото.

Член 15

На насловната страна образецот на потврдата за регистрација за регистрирано возило содржи: втиснат грб на СРМ, натпис: „Социјалистичка Република Македонија", назив „Потврда за регистрација за регистрирано возило", место за запишување на регистарската ознака и видот на возилото и е отпечатен серискиот број на потврдата за регистрација со ознака МА, почнувајќи од 00 — 001.

Првата и втората внатрешна страна од образецот на потврдата за регистрација содржат рубрики во кои се запишуваат податоците:

1. датум на регистрацијата;

2. назив на органот што ја издал потврдата;

3. датум на издавањето на потврдата и број на евиденцијата под кој е потврдата заведена, место за печат и потпис на службеното лице;

4. датум и место на првата регистрација и регистарска ознака на првата регистрација на возилото;

5. марка и тип на возилото, број на шасијата, број на моторот, година на производство, сила на моторот во КС односно зафатнина во $cm^3$ и боја на каросеријата;

6. рубрика „забелешка" за запишување датумот на одјавата на возилото и друго.

Последната страна од образецот на потврдата за регистрација содржи рубрики во кои се запишуваат податоци за презимето и името и живеалиштето односно називот и седиштето на имателот на возилото.

Член 16

Барање за издавање нова сообраќајна дозвола односно потврда за регистрација за регистрирано возило наместо загубената имателот на возилото поднесува до органот што ја извршил регистрацијата на возилото.

Член 17

Ако сообраќајната дозвола односно потврдата за регистрација за регистрирано возило поради употреба е дотраена, имателот на возилото поднесува до органот што ја извршил регистрацијата на возилото барање за издавање нова сообраќајна дозвола односно потврда за регистрација наместо дотраената, а дотраената сообраќајна дозвола односно потврда за регистрација се одзема и уништува.

Новата сообраќајна дозвола односно потврда за регистрација го носи истиот реден број од регистарот на возилото како и порано издадената сообраќајна дозвола односно потврда за регистрација.

Член 18

Во сообраќајната дозвола и во потврдата за регистрирано возило податоците се внесуваат со машина за пишување.

## V. ЕВИДЕНЦИЈА ЗА РЕГИСТРИРАНИ ВОЗИЛА

Член 19

За регистрираните возила се води регистар на возилата.

Член 20

Регистарот на возилата ги содржи следните рубрики: реден број, регистарски број на возилото, вид на возилото, презиме и име односно назив на имателот на возилото и забелешка.

Член 21

Возилото ќе се брише од регистарот на возилата:

1. ако биде регистрирано од орган за внатрешни работи на друга општина;

2. ако имателот на возилото изврши одјава на возилото;

3. ако биде регистрирано како возило на ЈНА или возило на орган за внатрешни работи; и

4. ако исчезне, биде уништено или расходувано.

Бришењето од регистарот на возилата во случаите од точка 1 од претходниот став се врши по приемот на известувањето за регистрација на возилото од органот за внатрешни работи на друга општина, а во случаите од точ. 2 до 4 по приемот на барањето за бришење на возилото од имателот на возилото.

Барањето за бришење на возилото од регистарот на возилата се поднесува на регистрациониот лист.

Регистарската таблица на возилото бришано од евиденција ќе се одземе и ќе се уништи, ако тоа е можно.

## VI. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 22

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 05-10191/2
15 септември 1975 година
Скопје

Републички секретар
за внатрешни работи,
**Мирко Буневски,** с. р.

(Штембил на органот) Образец бр. 1
Реден број на регистарот ——— Регистарски број на возилото

Регистрационен лист
за регистрација на
- ☐ земјоделски трактор
- ☐ работна машина
- ☐ мотокултиватор
- ☐ велосипед со мотор
- ☐ приклучно возило што го влече земјоделски трактор
- ☐ приклучно возило што го влече мотокултиватор

(во празната кукичка за односното возило се става „X", а видот на возилото се подвлекува)

Молам да ми се изврши регистрација на возилото, и тоа:
- — прва регистрација на возилото
- — промена на живеалиштето односно седиштето во друга општина
- — промена на техничката состојба на возилото
- — бришење на возилото од евиденција
- — замена на регистарската таблица

Кон регистрациониот лист го прилагам следното:

1. ______________________
2. ______________________
3. ______________________

**Податоци за возилото:**

Вид ______________________
Марка ______________________
Тип ______________________
Држава во која возилото е произведено ______________
Број на шасија ______________
Број на мотор ______________
Година на производство ______________
Сила на моторот во КС ______________
Зафатнина на моторот во $cm^3$ ______________
Тежина на празно возило во кг ______________
Дозволена носивост во кг ______________
Боја на каросеријата ______________
Вид на горивото што го троши возилото ______________
Датум и место на првата регистрација ______________

Техничкиот преглед на возилото е извршен од страна на овластената организација за технички преглед ______________ и е констатирано дека возилото е технички исправно и дека податоците во Регистрациониот лист се — не се исти со податоците на возилото (Поблиско објасну-

вање за разликата) ——————

Датум ——————

М. П. Овластено лице

**Податоци за имателот на возилото**

Сектор на сопственикот: ——————

Презиме и име односно назив на имателот на возилото ——————

Занимање односно стопанска дејност ——————

Место и адреса на живеалиштето односно седиштето ——————

Назив на органот што возилото порано го регистрирал ——————

Презиме и име односно назив, место и адреса на поранешниот имател на возилото и регистарски број на возилото ——————

(рег. бр. на возилото)

——————19—— год. Потпис на подносителот
Во —————— М. П. на барањето

**Пополнува органот што го регистрира возилото**

Општински орган за внатрешни работи ——————

Датум на регистрацијата: ——————19—— год.

Возилото е воведено во регистарот на возилата под бр. ——————

За возилото се издадени:

1. Сообраќајна дозвола бр. ———, сер. бр. ———
2. Потврда за регистрирано возило бр. ———, сер. бр. ———
3. Регистарска таблица бр. ———

На —————— 19—— год. Потпис на службеното
Во —————— М. П. лице

Образец бр. 2

## СООБРАЌАЈНА ДОЗВОЛА
за регистрирано возило

(Насловна страна)

(Грб на СРМ)
СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
**СООБРАЌАЈНА ДОЗВОЛА**
за регистрирано возило
Регистарска ознака

Вид на возилото

(Сериски број)

(Прва внатрешна страна)

Датум на регистрацијата ——————
Дозволата ја издал ——————
на —————— 19——
Бр. ——————

М. П.

(потпис на службено лице)

ПОДАТОЦИ
ЗА ПРВАТА РЕГИСТРАЦИЈА

Датум ——————
Место ——————
Рег. ознака ——————

(Втора внатрешна страна)

ПОДАТОЦИ ЗА ВОЗИЛОТО

Марка ——————
Тип ——————
Број на шасијата ——————
Број на моторот ——————
Година на производство ——————
Сила на моторот во КС ——————
Тежина на празно возило (во кг.) ——————
Дозволена носивост (во кг.) ——————
Боја на каросеријата ——————
Забелешка:

(Последна страна)

ПОДАТОЦИ
ЗА ИМАТЕЛОТ НА ВОЗИЛОТО

Презиме (назив) ——————
Име ——————
Живеалиште (седиште) адреса ——————

Образец бр. 3

## ПОТВРДА ЗА РЕГИСТРАЦИЈА
за регистрирано возило

(Насловна страна)

(Грб на СРМ)

СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ПОТВРДА ЗА РЕГИСТРАЦИЈА
за регистрирано возило
Регистарска ознака
Вид на возилото
(Сериски број)

(Прва внатрешна страна)

Датум на регистрацијата ——————
Потврдата ја издал ——————
на —————— 19——
Бр. ——————

М. П.

(потпис на службено лице)

ПОДАТОЦИ
ЗА ПРВАТА РЕГИСТРАЦИЈА

Датум ——————
Место ——————
Рег. ознака ——————

(Втора внатрешна страна)

ПОДАТОЦИ ЗА ВОЗИЛОТО

Марка ______________________

Тип ______________________

Број на шасијата ______________________

Број на моторот ______________________

Година на производство ______________________

Сила на моторот во КС односно зафатнина во cm³ ______________________

Боја на каросеријата ______________________

Забелешка:

(Последна страна)

ПОДАТОЦИ
ЗА ИМАТЕЛОТ НА ВОЗИЛОТО

Презиме (назив) ______________________

Име ______________________

Живеалиште (седиште) адреса ______________________

______________________

______________________









АБВГДЃЕЖЗЅИЈКЛЉМ

НЊОПРСТЌУФХЦЧЏШ

1234567890

**421.**

Врз основа на член 79 став 4 од Законот за внатрешни работи („Службен весник на СРМ" бр. 45/72 и 31/74), републичкиот секретар за внатрешни работи донесува

## ПРАВИЛНИК
## ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОРГАНИТЕ ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ ЗА КОИ СЕ УТВРДУВА ПСИХОФИЗИЧКА СПОСОБНОСТ

Член 1

Работни места за кои психофизичката способност се утврдува преку посебна стручна комисија на Републичкиот секретаријат за внатрешни работи се:

1. Работните места на кои се вршат посебни должности и овластувања (член 43 ст. 2 и 3 од Законот за внатрешни работи);
2. Работните места на кои тежината на работите и посебните услови под кои тие се вршат битно влијаат врз намалувањето на работната способност (член 121 став 3 од Законот за внатрешни работи);
3. Работните места на раководители на внатрешни организациони единици и работни единици;
4. Работни места на кои се вршат работи сврзани со врските;
5. Работните места на кои се вршат правни работи, управни работи и работи на заштитата од пожари и експлозии;
6. Работни места со висока и виша стручна спрема во електронската обработка на податоците; и
7. Работните места на кои се вршат работи сврзани со финансиите, материјалното работење, организацијата и кадрите и внатрешната контрола.

Член 2

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на неговото објавување во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Број 05-7196/2
6 октомври 1975 година
Скопје

Републички секретар
за внатрешни работи,
**Мирко Буневски,** с. р.

---

**422.**

Врз основа на член 148 став 2 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на СРМ" бр. 8/75), републичкиот секретар за внатрешни работи донесува

## ПРАВИЛНИК
## ЗА ОБРАЗЕЦОТ НА ДОЗВОЛАТА ЗА ВОЗАЧ НА ТРАКТОР И ВОЗАЧКАТА ПОТВРДА

Член 1

Дозволата за возач на трактор и возачката потврда се издаваат на дводелен образец во правоаголна форма што развиен има димензии 148 × 105 мм, а превиткан 74 × 105 мм.

Член 2

Образецот на дозволата за возач на трактор е во зелена, а образецот на возачката потврда во жолта боја.

Член 3

На насловната страна образецот на дозволата за возач на трактор содржи: втиснат грб на СРМ, натпис „Социјалистичка Република Македонија", назив „ДОЗВОЛА ЗА ВОЗАЧ НА ТРАКТОР" и сериски број со ознака МА, почнувајќи од 00 — 001.

На првата внатрешна страна образецот на дозволата за возач на трактор содржи: презиме, име, датум и место на раѓањето, живеалиште, фотографија (35 × 45 мм.) и потпис на возачот, назив на органот што ја издал дозволата за возач на трактор, место и датум на нејзиното издавање, рок на важењето, број под кој е евидентирана дозволата за возач на трактор, печат на органот што ја издал дозволата за возач на трактор и потпис на овластеното лице.

Податоците од претходниот став се запишуваат со машина за пишување. Фотографијата се прицврстува механички, така што да не може да се замени без оштетување на образецот. На фотографијата се става печат на органот што ја издава дозволата, а кој само делум се втиснува на фотографијата. Возачот ја потпишува дозволата за возач на трактор при нејзиниот прием.

На втората внатрешна страна од образецот на дозволата за возач на трактор е означено кои возила можат да се управуваат со дозволата за возач на трактор и место за евентуално запишување на посебни услови со кои се ограничува користењето на дозволата за возач на трактор (обврска за носење очила, важење само за возило што е прилагодено за возач без нога и друго), како и отпечатен е серискиот број од насловната страна.

На последната страна од образецот на дозволата за возач на трактор се наоѓаат по две места за запишување на продолжувањето на важењето на дозволата за возач на трактор и за промена на живеалиштето на возачот (назив и седиште на органот кај кој возачот е запишан во евиденција).

Дозволата за возач на трактор се изработува според образецот што е отпечатен кон овој правилник и е негов составен дел.

Член 4

На насловната страна образецот на возачката потврда содржи: втиснат грб на СРМ, натпис „Социјалистичка Република Македонија", назив „ВОЗАЧКА ПОТВРДА" и сериски број со ознака МА, почнувајќи од 00—001.

На првата внатрешна страна образецот на возачката потврда содржи: презиме, име, датум и место на раѓањето, живеалиште, фотографија (35 × 45 мм.) и потпис на возачот, назив на органот што ја издал возачката потврда, место и датум на нејзиното издавање, број под кој е евидентирана возачката потврда, печат на органот што ја издал возачката потврда и потпис на овластеното лице.

Податоците од претходниот став се запишуваат со машина за пишување. Фотографијата се прицврстува механички, така што да не може да се замени без оштетување на образецот. На фотографијата се става печат на органот што ја издава потврдата, а кој само делум се втиснува на фотографијата. Возачот ја потпишува возачката потврда при нејзиниот прием.

На втората внатрешна страна од образецот на возачката потврда е означено кои возила можат да се управуваат со возачката потврда и место за евентуално запишување на посебни услови со кои се ограничува користењето на возачката потврда (обврска за носење очила, важење само за возило што е прилагодено за возач без нога и друго), како и е отпечатен серискиот број од насловната страна.

На последната страна на образецот на возачката потврда се наоѓаат три места за запишување на промената на живеалиштето на возачот (назив и седиште на органот кај кој возачот е запишан во евиденција).

Возачката потврда се изработува според образецот што е отпечатен кон овој правилник и е негов составен дел.

Член 5

Возачката дозвола за управување трактор со или без приколка издадена на образецот пропишан со Правилникот за возачките дозволи („Службен лист на СФРЈ" бр. 30/67 и 39/68) ќе се заменува со дозвола за возач на трактор пропишана со овој правилник при продолжувањето на важењето на дозволата, како и при секое друго постапување на надлежниот орган во врска со издавањето на дозволата за возач на трактор — губење, оштетување, промена на податоци и друго.

Возачките дозволи за управување трактор со или без приколка издадени на образецот пропишан со Правилникот за возачките дозволи ќе се заменат до 31 декември 1980 година со дозволи за возач на трактор.

Член 6

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 1976 година.

Бр. 05-11630/1
3 октомври 1975 година
Скопје

Републички секретар
за внатрешни работи,
**Мирко Буневски,** с. р.

(Насловна страна)

(Грб на СРМ)
Социјалистичка Република
Македонија
ДОЗВОЛА
ЗА ВОЗАЧ НА ТРАКТОР
(сериски број)

(Прва внатрешна страна)

Презиме ——————
Име ——————
Датум и место
на раѓањето ——————
Живеалиште (место) ——————

| Фотографија на возачот 35 х 45 мм | Потпис на возачот —————— |
|---|---|

Дозволата ја издал ——————
Во —————— на ——— ——— 19 ———

Дозволата важи до ——————
Бр. ——————
М. П.
——————
потпис

(Втора внатрешна страна)

Дозволата за возач на трактор важи за управување на сите видови на трактори, работна машина, мотокултиватор и велосипед со мотор, како и за управување на приклучно возило што го влечи трактор или мотокултиватор

Ограничување:
(сериски број)

(Последна страна)

Продолжено важењето на дозволата за возач на трактор
1. До —————— 19 ——— год.
Потпис
—————— М. П.

2. До —————— 19 ——— год.
Потпис
—————— М. П.

ПРОМЕНА НА ЖИВЕАЛИШТЕТО
——————
——————
Бр. ——————
Датум —————— М. П.
потпис

Бр. ——————
Датум —————— М. П.
потпис

(Насловна страна)

(Грб на СРМ)
Социјалистичка Република
Македонија

ВОЗАЧКА ПОТВРДА

(сериски број)

(Прва внатрешна страна)

Презиме ——————
Име ——————
Датум и место
на раѓањето ——————
Живеалиште (место) ——————

| Фотографија на возачот 35 х 45 мм | Потпис на возачот —————— |
|---|---|

Возачката потврда ја издал ——————
—————— во ——————
на —————— 19 ——— год.
Бр. ——————
М. П.
——————
потпис

(Втора внатрешна страна)

Возачката потврда важи за управување со работна машина, мотокултиватор и велосипед со мотор, како и за управување на приклучно возило што го влече мотокултиватор

Ограничување:
(сериски број)

(Последна страна)

ПРОМЕНА НА ЖИВЕАЛИШТЕТО
——————
——————
Бр. ——————
Датум ——————
М. П.
потпис

——————
——————
Бр. ——————
Датум ——————
М. П.
потпис

——————
——————
Бр. ——————
Датум ——————
М. П.
потпис

**423.**

Уставниот суд на Македонија, оценувајќи ја уставноста и законитоста на Правилникот за распределба на личните доходи бр. 03-1107/1, донесен од работничкиот совет на Погонот за патишта во Титов Велес на Претпријатието за патишта „Македонија пат“ во Скопје на седницата од 3 јули 1970 година, како и законитоста на ставот 2 на член 20 од Самоуправната спогодба за основите и мерилата за распределба на доходот и личните доходи на групацијата за патишта, регистрирана во Републичкиот секретаријат за труд под бр. I—11 од 10 јули 1973 година, по јавната расправа одржана на 2. IV. 1975 година на седницата од 18 септември 1975 година донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ ПОНИШТУВААТ:

а) Правилникот за распределба на личните доходи бр. 03-1107/1, донесен од работничкиот совет на Погонот за патишта во Титов Велес на Претпријатието за патишта „Македонија пат“ во Скопје на седницата од 3 јули 1970 година; и

б) ставот 2 на член 20 од Самоуправната спогодба за основите и мерилата за распределба на доходот и личните доходи на групацијата за патишта, регистрирана во Републичкиот секретаријат за труд под бр. I—11 од 10 јули 1973 година.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ“, во основната организација на здружениот труд Погон во Титов Велес во состав на Претпријатието за јавни патишта „Македонија пат“ во Скопје, во Претпријатието за јавни патишта „Македонија пат“ во Скопје и во Претпријатието за патишта во Кавадарци, на начин определен во статутите на означените организации за објавување на самоуправните општи акти.

3. Уставниот суд на Македонија по повод на поднесена претставка со решение У. бр. 20/74 од 27 ноември 1974 година поведе постапка за оценување законитоста на актите означени во точката 1 на оваа одлука. По јавната расправа одржана на 2 април 1975 година Судот донесе решение со кое го одложи одлучувањето за оценување уставноста и законитоста на овие акти и им даде можност на работниците во основната организација на здружениот труд Погон во Титов Велес, како и на работниците во Претпријатието за јавни патишта „Македонија пат“ во Скопје и во Претпријатието за патишта во Кавадарци, да ја отстранат неуставноста односно незаконитоста на означените акти во рок до 30 дена по приемот на ова решение. Во определениот рок работниците во означените организации не го извршија отстранувањето на неуставноста односно незаконитоста на оспорените акти, поради што Судот на седницата од 18 септември 1975 година пристапи кон одлучување за нивната уставност и законитост.

4. Во текот на претходната постапка и на јавната расправа Судот утврди дека во погонот во Титов Велес распределбата на средствата за лични доходи сè уште се врши врз основа на правилник донесен од работничкиот совет на погонот, пред влегувањето во сила на Законот за меѓусебните односи на работниците во здружениот труд („Службен лист на СФРЈ“ бр. 22/73). Според членот 4 од овој закон правата и обврските од меѓусебните односи во здружениот труд ги уредуваат работниците во основната организација и тоа со самоуправни спогодби, а според членот 76 од овој закон работниците во организациите на здружениот труд беа должни своите меѓусебни односи во здружениот труд да ги уредат во согласност со одредбите на овој закон до крајот на 1973 година. Со оглед на тоа што и по истекот на овој рок во погонот во Титов Велес распределбата на средствата за лични доходи се врши врз основа на правилник донесен од работничкиот совет на погонот и за распределбата на овие средства не е склучена самоуправна спогодба, Судот утврди дека овој правилник не е во согласност со законот.

Судот посебно ја ценеше и законитоста на ставот 1 на член 31 од оспорениот правилник и утврди дека во него е определено на работниците за времето поминато на работа ноќе личниот доход да им се зголемува за 12% и дека во ставот 3 на овој член е определено личниот доход на работниците на работното место чувар да не се зголемува за 12% затоа што ноќната работа на овие работници била земена предвид при вреднувањето на работното место. Судот исто така утврди дека и во ставот 2 на член 20 од самоуправната спогодба означена во точката 1 на ова решение е определено зголемувањето на стартната основа на личниот доход за времето поминато на работа ноќе да не се однесува на работниците на работното место чувар, затоа што ноќната работа била земена предвид при вреднувањето на ова работно место. Од друга страна Судот утврди дека ниту во оспорениот правилник ниту во самоуправната спогодба не се предвидени мерила за зголемување основицата за аконтацијата на личните доходи на работниците на работните места чувари за ноќна работа.

Во членот 46 од републичкиот Закон за меѓусебните односи на работниците во здружениот труд („Службен весник на СРМ“ бр. 16/74) е определено дека со самоуправната спогодба за распределба на доходот и личните доходи работниците во основната организација ја утврдуваат висината на зголемената основица на аконтацијата на личните доходи за работа подолга од полното работно време, за ноќна работа и за работа на државни и други празници на кои со закон или пропис на општината е пропишано да не се работи.

Со оглед на тоа што во оспорените одредби од правилникот и самоуправната спогодба не се предвидуваат посебни мерила за зголемување основицата за аконтација на личните доходи на работниците на работните места чувари за ноќна работа, Судот смета дека тие одредби не се во согласност со членот 46 од републичкиот Закон за меѓусебните односи на работниците во здружениот труд. Според мислењето на Судот при определувањето на аконтацијата на личниот доход на чуварите, во смислата на оваа одредба од законот, треба посебно да биде определен и делот од личниот доход што им припаѓа по основот ноќна работа.

Освен тоа Судот на јавната расправа утврди дека во членот 8 од оспорениот правилник, за утврдување аконтацијата на личните доходи на работниците се определени следните основи: видови на работните задачи, сложеност на работните задачи, одговорност, услови на работа, квалификација, работно искуство и залагање во работата. Меѓутоа во Табелата во која е утврдена вредноста на работните места и која е составен дел на оспорениот правилник аконтацијата на личните доходи на работниците е утврдена во определен распон на бодови. Во правилникот, како и во табелата што е негов составен дел, посебно не се утврдени мерила за определување на влијанието на секој од утврдените основи врз личниот доход на работникот.

Во остварувањето на начелото за распределба според трудот утврдено во членот 22 од Уставот на СР Македонија работниците во основната организација на здружениот труд, согласно ставот 1 на член 23 од Уставот на СР Македонија и ставот 1 на член 4 од сојузниот Закон за меѓусебните односи на работниците во здружениот труд ги утврдуваат основите и мерилата за распределба на средствата за лични доходи, како и начинот за пресметување и исплата на личните доходи. Судот смета дека во самоуправниот општ акт со кој се уредува распределбата на средствата за лични до-

ходи треба, покрај основите, да бидат определени и мерила за утврдување работниот придонес на секој работник поединечно во остварувањето на доходот на основната организација. Со оглед на тоа што во членот 8 од оспорениот правилник се утврдени само основите за утврдување аконтацијата на личните доходи на работниците во погонот, а во табелата за вреднување на работните места не се утврдени мерила за влијанието на секој од определените основи врз придонесот на работникот во остварувањето на доходот на основната организација, Судот оцени дека членот 8 од правилникот и означената табела не се во согласност со членот 22 и со ставот 1 на член 23 од Уставот на СР Македонија, како и со ставот 1 на член 4 од сојузниот Закон за меѓусебните односи на работниците во здружениот труд.

На основа на изнесеното Судот одлучи како во точката 1 на оваа одлука.

У. бр. 20/74
18 септември 1975 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
д-р **Асен Групче**, с. р.

---

**424.**

Врз основа на член 21 став 2 од Статутот на Републичкиот фонд за заеднички резерви, како и Законот за формирање и употреба на средствата на фондовите за заеднички резерви („Службен весник на СРМ", бр. 32/70 и 47/73), Собранието на Републичкиот фонд за заеднички резерви, на седницата одржана на 24 април 1975 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ПРЕНЕСУВАЊЕ НА ДЕЛ ОД СОПСТВЕНИТЕ СРЕДСТВА НА РЕПУБЛИЧКИОТ ФОНД ЗА ЗАЕДНИЧКИ РЕЗЕРВИ НА ОПШТИНСКИТЕ ФОНДОВИ ЗА ЗАЕДНИЧКИ РЕЗЕРВИ ОД СКОПЈЕ И КУМАНОВО И НА ДИРЕКТНИОТ КОРИСНИК НА СРЕДСТВАТА ОД ФОНДОТ НИП „НОВА МАКЕДОНИЈА" СКОПЈЕ

Член 1

Од сопствените средства на Републичкиот фонд за заеднички резерви (во натамошниот текст: фонд) на организациите на здружениот труд им се преотстапуваат без обврска на враќање преку општинските фондови за заеднички резерви, и на директниот корисник на средствата од фондот, средства во износ од 3.357.637,00 динари, за санација, подобрување условите на стопанисувањето и структурата на средствата на истите.

Член 2

Средствата од член 1 на оваа одлука се пренесуваат без обврска на враќање на организациите на здружениот труд со состојба на 31. Ш. 1975 година преку општинските фондови за заеднички резерви, и тоа:

Општински фонд за заеднички резерви Куманово,

— за „Кожара" Куманово во износ од 1.500.305,20 дин.;

Општински фонд за заеднички резерви Скопје,
— за повеќе организации на здружениот труд корисници на овие средства во износ од 489.935,55 дин.;

и на директниот корисник на средствата од сопствените средства на Републичкиот фонд за заеднички резерви, НИП „Нова Македонија" — Скопје, во износ од 1.367.296,55 динари.

Член 3

Организациите на здружениот труд на кои им се преотстапуваат средствата според член 2 од оваа одлука, истите ќе ги употребат за покривање на загубите од поранешните години по основ на средства без обврска на враќање, односно ќе ги внесат во деловниот фонд.

Член 4

На организациите на здружениот труд од член 2 од оваа одлука пренесувањето на средствата ќе се изврши, во колку претходно се изврши пренесување на средствата по санациони кредити од сопствените средства на односниот општински фонд за заеднички резерви.

Член 5

Одлуката ќе ја спроведе Службата на Стопанската банка — Филијала, Скопје, а нејзиното спроведување ќе го контролира Службата на општественото книговодство.

Член 6

Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се применува по објавувањето во „Службен весник на СР Македонија".

Број 011/2 — 8448
24. IV. 1975 година
Скопје

Претседател на Собранието,
**Киро Роглев**, с. р.

---

# ОПШТИ АКТИ НА САМОУПРАВНИТЕ ИНТЕРЕСНИ ЗАЕДНИЦИ

РЕПУБЛИЧКА ЗАЕДНИЦА НА ЗДРАВСТВОТО И ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ

**327.**

Врз основа на член 8 од Самоуправната спогодба за здружување на општинските заедници на здравството и здравственото осигурување во Републичка заедница на здравството и здравственото осигурување, број 01-1 од 1. 6. 1974 година и точка IV од Одлуката за формирање и работење на Фондот за солидарноста на здравственото осигурување на работниците („Службен весник на СРМ", бр. 10/72, 4/73 и 3/75), Собранието на Републичката заедница на здравството и здравственото осигурување на седницата на Соборот на делегатите на работниците-корисници на услугите и Соборот на делегатите на работниците од здружениот труд од здравството-даватели на услугите, одржана на 25 септември 1975 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ПРОСЕЧНАТА СТАПКА НА ПРИДОНЕСИТЕ ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНИТЕ ВИДОВИ НА ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА НА НАСЕЛЕНИЕТО ОД РАБОТНИЦИТЕ ЗА 1975 ГОДИНА

I

Просечната стапка на придонесите за задолжителните видови на здравствената заштита на населението од работниците во Социјалистичка Република Македонија за 1975 година се утврдува во височина од 3,0% и истата ќе служи за утврдување на основицата за пресметување и плаќање на придонесот на Фондот на солидарноста на здравственото осигурување на работниците.

II

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден по објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“, а ќе се применува од 1 јануари 1975 година.

Број 01-1281/1
25 септември 1975 година
Скопје

Претседател,
**Никола Арсовски,** с. р.

---

**328.**

Врз основа на член 8 од Самоуправната спогодба за здружување на општинските заедници на здравството и здравственото осигурување во Републичка заедница на здравството и здравственото осигурување, број 01—1 од 1. 6. 1974 година и точка IV од Одлуката за формирање и работење на Фондот на солидарноста на здравственото осигурување на земјоделците („Службен весник на СРМ“, бр. 10/72 и 2/74), Собранието на Републичката заедница на здравството и здравственото осигурување, на седницата на Соборот на делегатите на земјоделците-корисници на услугите и Соборот на делегатите на работниците од здружениот труд од здравството-даватели на услугите, одржана на 25 септември 1975 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ПРОСЕЧНАТА СТАПКА НА ПРИДОНЕСИТЕ ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНИТЕ ВИДОВИ НА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА НАСЕЛЕНИЕТО ОД ЗЕМЈОДЕЛЦИТЕ ЗА 1975 ГОДИНА

I

Просечната стапка на придонесите за задолжителните видови на здравствената заштита на населението од земјоделците во Социјалистичка Република Македонија за 1975 година се утврдува во височина од 10,10% и истата ќе служи за утврдување на основицата за пресметување и плаќање на придонесот на Фондот на солидарноста на здравственото осигурување на земјоделците.

II

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден по објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“, а ќе се применува од 1 јануари 1975 година.

Број 01-1280/1
25 септември 1975 година
Скопје

Претседател,
**Никола Арсовски,** с. р.

ЗАЕДНИЦА НА ЗДРАВСТВОТО И ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ — ТИТОВ ВЕЛЕС

**329.**

Врз основа на член 25 став 3 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување („Службен весник на СРМ“ бр. 5/74) и член 28 од Самоуправната спогодба за основање на општинската заедница и основните заедници на здравството и здравственото осигурување Титов Велес, на заедничката седница на Соборот на делегатите на корисниците на услугите — работници и на Соборот на делегатите на давателите на услуги, одржана на ден 9. 7. 1975 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ОСНОВИЦАТА ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ И ПЛАЌАЊЕ НА ПРИДОНЕС ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА ЛИЦАТА ВРАБОТЕНИ КАЈ ПРИВАТНИТЕ РАБОТОДАВАТЕЛИ

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат основиците за пресметување и плаќање на придонесите за здравствено осигурување и за утврдување на правата за здравственото осигурување на лицата вработени кај приватните работодаватели за кои со Законот за здравствено осигурување и задолжителните видови на здравствена заштита на населението не е утврдена основицата за придонес.

Член 2

За вработените лица кај приватните работодаватели основицата е личниот доход на работникот, но не помалку од следниот износ:

| | |
|---|---|
| — за неквалификувани работници | 1.200 дин. |
| — за полуквалификувани работници | 1.400 дин. |
| — за квалификувани работници — | 1.600 дин. |
| — за висококвалификувани работници | 1800. дин. |
| — за домашни помошнички — — | 1.200 дин. |
| — за лицата на доброволна практика (волонтери) — — — — — — | 1.600 дин. |

Член 3

За учениците во стопанството, односно учениците во училиштата за квалификувани работници за кои покрај училишната се изведува и практична настава во работната организација, училиштата или кај приватниот работодавец е наградата што ја прима, но не помалку од следниот износ:

| | |
|---|---|
| — за прва година — — — | 150 динари |
| — за втора година — — — | 250 динари |
| — за трета година — — — | 350 динари. |

Член 4

Оваа одлука влегува во сила ден по објавувањето во „Службен весник на СРМ“, а ќе се применува од 1. 1. 1975 година.

01-број 314
09. 07. 1975 година
Титов Велес

Претседател,
**Љупчо Ашиков,** с. р.

# *Огласен дел*

## СУДСКИ ОГЛАСИ

### ОКРУЖЕН СУД ВО СКОПЈЕ

Окружниот суд во Скопје, објавува дека при овој суд е заведен спор за развод на брак од тужителката Елица Маркова од село Ресава, Кавадаречко, против тужениот Петар Марков, сега на работа во странство, без познато место на живеење.

Се поканува тужениот Петар Марков во рок од 30 дена од објавувањето на огласот да се јави на овој суд или да ја достави својата точна адреса. Во спротивно, судот ќе му постави старател кој ќе го застапува до окончувањето на спорот.

Од Окружниот суд во Скопје, П. бр. 1941 од 26. IX. 1975 година. (137)

---

Пред Окружниот суд во Скопје е заведен спор за развод на брак, по тужбата на тужителот Ибрахими Кадри од Тетово, ул. „Ново Село“ бр. 124, против тужената Акташ Семуш од Тетово, сега во Турција со непозната адреса.

Се поканува тужената Акташ Семуш да се јави во судот и да ја достави својата точна адреса, во рок од 30 дена по објавувањето на овој оглас.

Во спротивно, ќе ѝ биде одреден старател, во смисла на член 77 од ЗПП, кој ќе ги застапува нејзините интереси до окончувањето на спорот.

Од Окружниот суд во Скопје, П. бр. 1236/75. (138)

ОКРУЖЕН СУД ВО БИТОЛА

При овој суд е заведен спор за развод на брак по тужбата на Риза Даути од село Радолишта, Струшко, против Милијана Даути, род. Радојчиќ, од село Брезовица, Ваљево, сега со непозната адреса. На тужената согласно член 77, ст. 2, точка 4 од ЗПП, за привремен застапник во оваа постапка ѝ е поставен адв. Јован Деребанов од Битола, кој ќе ја застапува со сите права и должности на законски застапник сè додека тужената или нејзиниот полномошник не се јават пред судот.

Од Окружниот суд во Битола, П. бр. 425 од 24. IX. 1975 год. (135)

---

Загубеното свидетелство за завршено IV-то одделение основно училиште во село Милетино, во учебната 1938/39 година, издадено од Основното училиште во село Милетино, на Шемсудин Али Амити од село Милетино, се огласува за неважно.

Од Општинскиот суд во Тетово, Р. бр. 384/75 од 1. X. 1975 година. (136)

---

Загубеното свидетелство за II година, издадено од Гимназијата „Гоце Делчев" — Куманово на име Ќерим Бајрами, с. Слупчане, Куманово, се огласува за неважно. (2000)

---

# КОНКУРСИ

Врз основа на одлуката на Собирот на работниците на Народната и универзитетска библиотека „Климент Охридски" — Скопје, донесена на својата XX седница од 12. IX. 1975 година, а во согласност со член 26 од Правилникот за начинот и постапката за отстапување изградба на инвестициони објекти, Комисијата на инвеститорот објавува

**ОГЛАС**
ЗА ЈАВНО НАДДАВАЊЕ

за отстапување на работите за климатизација и вентилација на зградата на Народната и универзитетска библиотека „Климент Охридски" — Скопје за кои е изготвена техничка документација и истата се наоѓа во просториите на НУБ „Климент Охридски" — Скопје, каде можат да се добијат сите информации во врска со наддавањето секој работен ден од 12,00—15,00 ч.

Почетокот и завршетокот на поедини видови работи е утврден со оперативен план. Оперативниот план е составен дел на инвестиционо-техничката документација и секој понудувач е должен во текот на изведувањето на поедини работи да ја усклади својата работа со оперативниот план.

За оценување на најповолен понудувач инвеститорот ќе се придржува за следните критериуми, кои понудувачот во својата понуда треба да ги наведе:

1. цена на изведувањето;
2. рок на изведувањето;
3. дали нуди пресметка на работите по систем клуч во рака или спрема изведени количини (предност „клуч во рака");
4. попис на досега изведени работи;
5. кадровско-техничка опременост.

Понудите се доставуваат во запечатен плик со ознака „Понуда за јавното наддавање за отстапување на работите за климатизација и греење на зградата на Народната и универзитетска библиотека „Климент Охридски" — Скопје.

Краен рок за доставување на понудите е 30 календарски дена од денот на објавувањето на огласот во „Службен весник на СРМ" до 12,00 часот.

Јавното наддавање ќе се одржи три дена по истекувањето на рокот за приемот на понудите во 12,00 часот во просториите на НУБ „Климент Охридски" — Скопје и тоа ако се поднесени најмалку две понуди.

Присутните претставници на изведувачките претпријатија кои даваат пријави до Комисијата која го спроведува Огласот да достават и овластување за застапување на претпријатието.

Секој понудувач има право да поднесе само една понуда. (235)

---

Комисијата за меѓусебни односи на работниците во здружениот труд при ООЗТ Служба за заштита на здравјето на жените и децата при Медицинскиот центар во Куманово

распишува
**КОНКУРС**

за пополнување на работното место специјалист по гинекологија и акушерство

Услови:

Покрај општите услови предвидени со Законот, пријавените кандидати треба да ги исполнуваат и посебните услови:

— да е специјалист по гинекологија и акушерство,

— да има најмалку 5 години работно искуство.

Стан не е обезбеден.

Личен доход по Самоуправната спогодба за основите и мерилата за распределба на личен доход на работниците при Медицинскиот центар во Куманово.

Молбите таксирани со 2 динари таксена марка, како и доказ за соодветната специјализација, потврда за работен стаж се доставуваат до Комисијата за меѓусебни односи на работниците во здружениот труд при ООЗТ Служба за заштита на здравјето на жените и децата при Медицинскиот центар — Куманово.

Конкурсот трае 15 дена од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ". (236)

---

СОВЕТОТ НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

распишува
**КОНКУРС**

за избор на по еден асистент во постојанен работен однос:

а) по група предмети од областа на сметководството,

б) по математика за економисти II.

Кандидатите под точка 6. треба да имаат завршено природно-математички факултет — група математика.

Условите за изборот се регулираат со членовите 275 и 286 од Статутот на Економскиот факултет во Скопје.

Пријавите се поднесуваат до Секретаријатот на Факултетот во рок од 30 дена од денот на објавувањето. (238)

---

Советот на Факултетот на Природно-математичкиот факултет на Универзитетот „Кирил и Методиј" — Скопје, врз основа на член 28 од Статутот на Факултетот

распишува

**КОНКУРС**

за по еден наставник во звањето редовен професор, вонреден професор, виш предавач, доцент или предавач на предметите:

— мерна техника,

— атомска физика.

Пријавите во четири примероци, од кои едната таксирана со 2 динари таксени марки, се поднесуваат до Секретаријатот на Факултетот. Кон пријавата се приложува дипломата за завршена високошколска настава (природно-математички факултет), куса биографија и список на научни трудови со по еден примерок од истите.

Конкурсот трае 30 дена по објавувањето на истиот. (239)

---

Трговското претпријатие „Караорман“ — Скопје

објавува

**ОГЛАС**

за подобност на изведувачките работи за отстапување реконструкција (адаптација) на инвестиционен објект Главен склад (ТЕ Маџари).

а) Податоци на објектот:

1) Предмет на отстапување се градежни работи, вградување, монтажа и електрична инсталација и слично;

2) Инвестиционо-техничката документација е изработена и може да се разгледа во просториите на инвеститорот.

б) Услови на огласот:

1) На огласот можат да се пријават сите градежни организации регистрирани за изведување на работи на вакви објекти, со податоци за стручните кадри, техничката опременост, финансиската состојба по завршна сметка за претходната година и друго;

2) Рок за поднесување на пријави е 10 дена од денот на објавувањето;

3) Учесниците за подобност ќе бидат известени во рок од 5 дена.

Пријавите се доставуваат до Трговското претпријатие „Караорман“ — Скопје.

---

**ОГЛАС**

Центарот за социјална работа — Штип, објавува дека го поништува Конкурсот за социјален работник за заштита на лица на одредено време, објавен во „Службен весник на СРМ“ бр. 36 од 15 октомври 1975 година, под бр. 206, на страна 631.

Од Центарот за социјална работа — Штип. (237)

---

Работничкиот совет на Претпријатието за пластични и галантериски производи „Колектив“ — Скопје

распишува

**КОНКУРС**

за реизбор на директор на претпријатието

Кандидатот, покрај општите законски услови за здобивање својство на работник во здружениот труд и немање пречки по чл. 134 од Законот за конституирање и запишување во судскиот регистар на организациите на здружениот труд треба да ги исполнува и следните посебни услови:

1. виша стручна спрема — економска струка;
2. пет години работно искуство на раководни работни места во пластична дејност;
3. познавање на некој западноевропски јазик (француски, германски или италијански);
4. во последните 5 години да не работел во работни организации кои работеле со загуба, принудно порамнување, или биле ставени под принудна управа, односно на кои биле преземени привремени мерки или ставени под стечај;
5. да поседува морално-политички квалитети.

Кандидатот е должен со пријавата да приложи и докази за исполнување на условите од конкурсов.

Конкурсот трае 15 дена од денот на објавувањето.

Некомплетираните пријави комисијата нема да ги зема предвид при разгледувањето. (241)

---

Врз основа на член 27 од Статутот на работната заедница,

Конкурсната комисија на ООЗТ — ИНСТИТУТ ЗА ПАМУК — СТРУМИЦА,

распишува

**КОНКУРС**

За следните работни места:

1. Стручен секретар (реизбор),
2. Шеф на сметководството (реизбор),
3. Раководител на работна единица наука и услуги (избор),
4. Раководител на стопанството (реизбор).

Кандидатите, покрај општите услови предвидени во ЗМОРЗТ, треба да ги исполнуваат следните посебни услови:

— за работното место под точка 1 — да има завршено правен факултет со 3 години работен стаж или виша земјоделска школа со 10 години работен стаж и да поседува морално-политички квалитети;

— за работното место под точка 2 — да има завршено економски факултет или виша економска школа со работен стаж 5 години и да поседува морално-политички квалитети;

— за работното место под точка 3 — да има завршено земјоделско-шумарски факултет со едно од звањата: научен советник, стручен советник, виши научен соработник, или виши стручен соработник, научен соработник, или стручен соработник со најмалку 5 години работен стаж и да поседува морално-политички квалитети;

— за работното место под точка 4 — да има завршено земјоделско-шумарски факултет, виша земјоделска школа или средно земјоделско училиште со работен стаж 10 години и да поседува морално-политички квалитети.

Конкурсот е отворен 15 дена од денот на објавувањето или до пополнувањето на работните места.

Кон молбите се доставуваат следните документи:

— доказ за стручна квалификација,

— потврда за работен стаж,

— уверение за државјанство,

— уверение дека не е осудуван и дека не е под истрага.

Личен доход според Правилникот.

Молбите се доставуваат до ООЗТ — Институт за памук — Струмица, со посебна назнака „до конкурсна комисија“.

Молбите со некомплетирани документи нема да се земаат предвид.

(211)

---

Конкурсната комисија на ОЗТ фабрика за вештачки брусеви, брусно платно и хартија „ИДНИНА“ — Кратово,

распишува

**КОНКУРС**

за пополнување на слободните работни места:

1. Директор на комерцијален сектор, и
2. Директор на ОЕ одржување.

УСЛОВИ:

Покрај условите утврдени во Законот за меѓусебните односи на работниците во здружениот труд, кандидатите треба да ги исполнуваат и следните посебни услови:

— кандидатот под точка 1, Директор на комерцијален сектор, треба да има завршено економски факултет (дипломиран економист) со 5 години работно искуство, и да знае еден од свет[illegible]те јазици;

— кандидатот под точка 2, Директор на ОЕ одржување, треба да има завршено машински факултет (дипломиран инж. машинец) со 3 години работно искуство, и да знае еден од светските јазици.

Кандидатите се должни заедно со молбите покрај доказот за степенот на стручната спрема да достават и потврда за работното искуство. Некомплетираните документи нема да бидат земени во разгледување.

Личниот доход според мерилата од Правилникот за личен доход на работниците при ОЗТ „ИДНИНА" — Кратово.

Молбите се поднесуваат до: ОЗТ „ИДНИНА" — Кратово, конкурсна комисија.

Конкурсот е отворен 15 дена од денот на објавувањето. (212)

---

Комисијата за меѓусебни односи на работниците во здружениот труд на Трговското претпријатие

„КАРАОРМАН" — СКОПЈЕ

распишува повторен

**КОНКУРС**

за пополнување на слободното работно место:
— директор на секторот за финансии.

Покрај општите услови, кандидатот треба да ги исполнува и следните посебни услови:

— завршен економски факултет и над 5 години работно искуство на раководно работно место,

— да поседува морално-политички и организациони способности.

Конкурсот е отворен 15 дена од објавувањето. Пријавите со потребните документи да се доставуваат до комисијата. (214)

---

Советот на ООЗТ Институти при Медицинскиот факултет — Скопје

распишува

**КОНКУРС**

за пополнување на едно работно место лекар на Институтот за судска медицина.

Услови:

Покрај општите услови предвидени со закон, кандидатот треба да ги исполнува и следните посебни услови:

— да има завршен медицински факултет.

Изборот ќе се врши врз основа на следните приоритетни критериуми:

— среден успех во текот на студиите;
— успех од положен тест за прием;
— да не е постар, по правило, од 28 години;
— да ја регулирал воената обврска;
— да го положил стручниот испит и да го завршил обавезниот лекарски стаж;
— да се служи со еден од светските јазици;
— да покажува склоност и интерес за научно-истражувачка работа;
— да има морално-политички квалитети.

Молбите со потребните документи за исполнување на условите се доставуваат преку архивата на работната заедница Заеднички дејности до Советот на ООЗТ Институти.

Конкурсот е отворен 15 дена од денот на објавувањето. (215)

---

Конкурсната комисија на „ТРГОКООП" — ООЗТ „Трговија" — Скопје, врз основа на чл. 4 од Самоуправната спогодба и Правилникот за систематизација на работните места

распишува

**КОНКУРС**

за пополнување на работното место — директор на ООЗТ „Трговија" — Скопје.

Услови:

1) да има завршено висока стручна спрема со 5 години работно искуство и 2 години на раководно работно место;

2) да има завршено виша стручна спрема со 10 години работно искуство и 5 години на раководно работно место;

3) да има завршено средна стручна спрема со 20 години работно искуство и 10 години на раководно работно место.

Конкурсот трае 10 дена од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ" — Скопје. (217)

---

## СОДРЖИНА


Страна

413. Закон за здружување на дел од средствата на општествената репродукција за изградба на електроенергетски објекти — 681
414. Решение за разрешување од должност директор на Републичкиот завод за техничка соработка — — — — — — — 682
415. Решение за разрешување од должност директор на Републичкиот завод за цени 682
416. Решение за одредување заменик на гувернерот на Народната банка на Македонија — — — — — — — — 682
417. Решение за утврдување престанок на функцијата член и именување член на Советот на Народната и универзитетска библиотека — Скопје — — — — — 682
418. Решение за именување виш советник во Извршниот совет — — — — — — 682
419. Правилник за начинот на пресметувањето на отстапениот дел на данокот на доход на организациите на здружениот труд — 683
420. Правилник за регистрација на земјоделски трактори, работни машини, мотокултиватори, велосипеди со мотор и приклучни возила што ги влечат земјоделски трактори и мотокултиватори — — — — 683
421. Правилник за определување на работните места во органите за внатрешни работи за кои се утврдува психофизичка способност — — — — — — — — 689
422. Правилник за образецот на дозволата за возач на трактор и возачката потврда — 689
423. Одлука на Уставниот суд на Македонија, У. бр. 20/74 од 18 септември 1975 година 691
424. Одлука за пренесување на дел од сопствените средства на Републичкиот фонд за заеднички резерви на општинските фондови за заеднички резерви од Скопје и Куманово и на директниот корисник на средствата од фондот НИП „Нова Македонија" — Скопје — — — — 692

**Општи акти на самоуправните интересни заедници**

327. Одлука за просечната стапка на придонесите за задолжителните видови на здравствената заштита на населението од работниците за 1975 година — — — 692
328. Одлука за просечната стапка на придонесите за задолжителните видови на здравствена заштита на населението од земјоделците за 1975 година — — — 693
329. Одлука за утврдување на основицата за пресметување и плаќање на придонес за здравствено осигурување на лицата вработени кај приватните работодаватели — 693


**Издавач: „Службен весник на СРМ" — работна организација, Скопје, ул. „29 Ноември" бр. 10а. Пошт. фах 51. Тел. 32-836. Одговорен уредник Петар Јаневски. Жиро-сметка број 40100-601-128 кај Службата на општественото книговодство. Печат Графички завод „Гоце Делчев" — Скопје**